UDC: 342.727:316.774(497.7-11)

# ПЕРЦЕПЦИЈА НА СЛОБОДАТА НА ИЗРАЗУВАЊЕ НА МЕДИУМСКИТЕ РАБОТНИЦИ ВО ИСТОЧНИОТ РЕГИОН НА РЕПУБЛИКА С. МАКЕДОНИЈА

**Андон Мајхошев**
Проф, Д-р., Правен Факултет, Универзитет „Гоце Делчев„ - Штип-mail:andon.majhosev@ugd.edu.mk
**Јорданка Галева**
Доц. Д-р., Правен Факултет, Универзитет „Гоце Делчев„ - Штип
e-mail:jordanka.galeva@ugd.edu.mk
**Искра Коровешоска**
Д-р, Алфа Телевизија
e-mail: iskra.koroveska@ugd.edu.mk
**Јадранка Денкова**
Проф. Д-р,Правен Факултет, Универзитет „Гоце Делчев„ - Штип
e-mail:jadranka.denkova@ugd.edu.mk

**Апстракт**

Слободата на изразување е фундаментално право на човекот загарантирано со повеќе правни инструменти на ООН, Советот на Европа, ЕУ и други меѓународни организации. Република С. Македонија како држава членка на ООН, Советот на Европа и на други меѓународни организации го има имплементирано правото на слобода на изразување како на уставно така и на законско ниво во Уставот на државата и Законите.

Земајќи во предвид дека слободата на изразување најчесто се смета за огледало на демократијата во една држава и зависно од тоа колку се почитува ова право, така се вреднува и демократијата во нејзиното општество. Медиумите и новинарите вршејќи си ги секојдневните професионални обврски најчестосе соочуваат со разни притисоци од одделни центри на моќ кои го ограничуваат остварувањето токму на ова право на слободата на изразување.

Во овој труд е направено истражување во однос на перцепцијата на медиумските работници за слободата на изразување, како и причините кои влијаат во ограничувањето на ова право. Целта на истражувањето беше да се дојде до конкретни сознанија за перцепцијата на степенот на цензура и автоцензура на медиумските работници во медиумите во Источниот регион на Република С. Македонија.

Основно истражувачко прашање по кое се водеше истражувањето е "Каква е перцепцијата на медиумските работници за степенот на слободата на изразување во Источниот плански регион на Република С. Македонија?"

**Клучни зборови**: *медиуми, слобода на изразување, цензура, Република С. Македонија*

**PERCEPTION OF FREEDOM OF EXPRESSION OF MEDIA WORKERS IN THE EASTERN REGION OF THE REPUBLIC OF NORTH MACEDONIA**

**Andon Majhoshev**
Associate professor, Faculty of Law, University "Goce Delcev"-Shtip
e-mail:andon.majhosev@ugd.edu.mk
**Jordanka Galeva**
Assistant professor, Faculty of Law, University "Goce Delcev"-Shtip
e-mail:jordanka.galeva@ugd.edu.mk
**Iskra Кoroveshoskа**
Phd, Alfa Television
e-mail: iskra.koroveshoska@ugd.edu.mk
**Jadranka Denkova**
Associate professor, Faculty of Law, University "Goce Delcev"-Shtip
e-mail:jadranka.denkova@ugd.edu.mk

**Abstract**
Freedom of expression is a fundamental human right guaranteed by several UN legal instruments, the Council of Europe, of the EU and other international organizations. Republic of N. Macedonia as a member state of the UN, of the Council of Europe and other international organizations, has implemented the right to freedom of expression in the Constitution of the State and the Laws. Consider that in every society the freedom of expression is a mirror of democracy, the level of democracy could be measured through level of protection of this right. The media and journalists, in their daily professional duties, face various pressures from certain centers of power, which restrict the implementation of their right to freedom of expression. The subject of this paper is a research of the perception of media workers about the right to freedom of expression, as well as, the reasons that contribute to the restriction of this right. The aim of the research was to obtain actual data about the perception of the degree of censorship and self-censorship of media workers in the media in the Eastern region of the Republic of N. Macedonia. The basic guide question in the research is "What is the perception of media workers about the degree of freedom of expression in the East Planning Region of the Republic of N. Macedonia?"

**Keywords:** *media, freedom of expression, censorship, Republic of N. Macedonia*

## 1. Дефинирање на поимите: слобода на медиуми, цензура и автоцензура

### 1.1 Поим на слобода на медиумите

Слободата на медиумите е либерална вредност која извира од филозофијата на слободата и еднаквоста на граѓаните, која е втемелена уште од времето на либерализмот, кога всушност се зборува за слобода на печатот, бидејќи другите

медиуми се појавуваат подоцна. Таа е израз на демократските стремежи на граѓаните за повисоки политички права и воспоставување на политичка контрола над политичката власт. Не постои апсолутна слобода на медиумите, како што нема ни апсолутно слободна човекова активност. Слободата на печатот (медиумите) не значи апсолутна слобода на медиумите да пишуваат и објавуваат секакви информации. Ниту во најдемократските општества не е допуштено медиумите да објавуваат осетливи информации со кои се *загрозува безбедноста на државата* или пак кои имаат содржина на *детска порнографија*. Филозофијата на слободата на медиумите е во тоа да се одреди границата на таа слобода, односно да се воспостави рамнотежа меѓу слободата на медиумите и слободата на изразување. Во секојдневниот живот постојат ситуации кога од јавен интерес е да се ограничи принципот на максималното зборување на вистината, заради повисоки општествени интереси. Дека печатот, односно медиумот е моќен и претставува политичка сила многу одамна го увидел и францускиот император Наполеон Бонапарта: *«Четири непријателски весници можат да бидат поопасни од стоилјадна војска»*, или *«Кога би ги пуштил уздиде на печатот, не би се одржал на власт ни четири месеци».*[1]

Според теоријата на општествена одговорност законското право на слободата на изразување не е безусловно. Таа е ограничена доколку слободата на изразување предизвикува (поттикнува) неред и рушење на уставниот поредок, клевета и се загрозуваат виталните општествени интереси. Слободата на медиумите понекогаш се нарекува *"четврта гранка на власта или четвртисталеж"*. Овој назив укажува на фактот дека медиумите се важен контролен механизам за остварување на демократијата и демократските процеси во една држава и дека поседуваат огромна општествена (политичка) моќ. Новинарите како четврти сталеж (четврта власт) со својот критички однос кон власта вршат контрола над работата на избраните и именуваните функционери, така што можат слободно да пишуваат за нивните постапки, грешки и да ја информираат јавноста[2]. Секако ова имплицира на тоа дека новинарите имаат посебна одговорност да известуваат вистинито за сите релевантни настани од јавен интерес[3]. Од новинарот не се очекува само да информира вистинито, туку и да знае да ја извлече суштината од настанот. И покрај уставното и законското уредување на слободата на печатот како голема демократска придобивка, сепак во реалноста нема апсолутно слободен медиум (печат), како што нема ни апсолутно слободен човек во ниту една сфера. Дури и во најдемократските општества во светот, каде што новинарството ужива висок степен на слобода на изразување и известување, на мислење сме дека нема апсолутна слобода на

1 Груевски, Т. Историја на новинарството. (2007). Правен факултет и НИП «Студентски збор», Скопје, 114.

2 Zaket, D. (2007) *Novinarska etika – moralna odgovornost u medijima*, Sluzben glasnik, pp. 180

3 Ibid

печатот, бидејќи некои информации се однесуваат на осетливи воени, државни и економски тајни или на детска порнографија[4]. За да не се повреди слободата на печатот (медиумите) и информирањето потребно е да се направи прифатлива рамнотежа помеѓу правото на јавноста на реално информирање за настаните и другите општествени обврски и цели кои понекогаш можат да бидат во судир со желбата да се сочува неограничениот пристап до информациите. Единствено решение за овој проблем секако е да се допушти слобода на медиумите, а да се задржи можноста за цензура на информацијата за кои се мисли дека се опасни и штетни по безбедноста на државата (општеството) како целина. Меѓутоа, може да се случи ваквата пракса да постане лош преседан, бидејќи списокот може бргу да се шири и со други "важни информации" од безбедносен или сличен карактер. Денес нема држава која не го прокламира начелото на слобода напечатот (медиумите), но исто така нема држава која на некој друг начин не ги држи уздите на печатот (медиумите). Слободата на медиумите е битка која неможе во потполност да се добие, бидејќи додека има држава и власт, ќе има ограничување на слободата на печатот. Апсолутна слобода на медиумите не постои, има само општества со помалку или повеќе слобода на медиумите. Најголема опасност за ограничување или гушење на слободата на медиумите е власта. По дефиниција власта е моќ. Оттука, за интегрално да се сфати суштината на слобода на медиумите сметаме дека е потребно теоретски да се објасни категоријата моќ. Така, познатиот германски социолог и политиколог Макс Вебер (Max Weber) (1864-1920) моќта ја дефинира како *«можност да се наметне нечија волја врз однесувањето на други лица».*[5] Власта со својата политичка и институционална моќ може да влијае врз слободата и независноста на новинарите и медиумите. Таа со својата моќ има можност да донесува закони, уредби, прописи со кој може да ги ограничува или става во послушнички статус. Како пример може да се посочи  турскиот, кога после неуспешниот обид за државен удар во јули 2017 година, претседателот на Турција стави катанец на преку 100 весници, магазини, телевизиски куќи, радија и беа уапсени над 200 новинари, а весникот «Заман»беше откупен од страна на државата.

Во овој контекст може да се напомене дека вршењето притисок на новинарот и медиумот, да се откажат од пишување, односно објавување на негативни информации, претставува еден од најприменуваните методи.

Голем притисок на медиумите и новинарите може да дојде од безбедносните служби, особено ако се надвор од цивилната контрола, преку системот на уцени, манипулации, сензационализам, демонстрација на моќ[6]. А како крајна форма на притисок врз медиумите и новинарите се извршувањето на убиства и апсењата на медиумските работници, кои најчесто се од редовите на новинарите. Во

---

4 Ibid, pp. 144

5 Галбрајт, Џ. К., (1995), *Анатомија на моќта*, Култура, стр.16

6 Чупиќ, Ч. (2010), *Медијска етика*, Чигоја штампа, стр.54-57

периодот 2007-2016 година убиени се вкупно 780 новинари. Новинарите гинеле претежно во земјите каде има вооружени конфликти. Во 2016 година бројот на уапсени новинари е зголемен, особено во Турција каде над 100 новинари и медиумски работници се наоѓаат во затвор. Во 2016 година вкупно 348 новинари, вклучувајќи ги и хонорарните новинари, блогерите, се наоѓаат во затвор, што е за 6% повеќе во однос на 2015 година.[7]

Во однос на медиумите, притисоци можат да се вршат во вид на зачестени контроли и надзор врз законитото финансиско работење на медиумот, за да му се даде до знаење на сопственикот, да внимава што објавува во нивниот медиум. Власта не е единствен извор на опасност на слободата на медиумите. Во принцип секоја моќна институција претставува потенцијална опасност доклку со некоја информација се наруши нивниот интерес. Исто така, и богатите поединци можат да вршат контрола на медиумите и новинарите (“моќта на парите“). Ако некој многу богат поединец не сака за него да се пишува негативно за кршењето на законите или финансиските малверзации што тој ги сторил, тогаш, тој поединец со своето богатство може да го поткупи новинарот да не ги објавува таквите вести за него. Економската моќ (моќ на парите) се согледува и преку можноста да се основа медиум кој по потреба може да се става во функција на лични и групни интереси. Исто така, оваа моќ овозможува да се монополизира медиумската сцена и со неа да се манипулира. Со помош на таквата моќ може да се влијае на власта, но и да се направи обид да се освои власта.[8] Во праксата имаме пример на политичари кои што поседувале монопол над медиумите и со нивна помош ја освојувале власта. Таков е примерот со медиумскиот магнат Силвио Берлускони и неговата партија *Forza Italia*.

Во однос на македонското законодавство и уредување на овие прашања, Уставот на РМ, во чл. 16, на јасен и недвосмислен начин го гарантира правото на слободата на уверувањето, совеста и мислата и јавното изразување на мислата, слободата на говорот, јавниот настап, јавното информирање, слободното основање на институции за јавно информирање, слободниот пристап до информациите, слободата на примање и пренесување на информации, право на одговор во средствата за јавно информирање, правото на исправка во средствата за јавно информирање, правото на заштита на изворот на информација и др.

### 1.2 Меѓународни мерила и критериуми за слобода на медиумите

Денес на глобално ниво постојат повеќе меѓународни организации иинституции чија основна мисија е борбата за подобрување на слободата на медиумите и слободата на изразување во светот. Во 1951 година основан

[7] Извештај на Репортери без граници, 2016.

[8] Во РМ добар пример е А1 ТВ и нејзиниот сопственик Велија Рамковски, кој формира партија. Тој преку каналот на неговата телевизија вршеше пропаганда на партиските ставови со што влијаеше на јавноста и јавното мислење.

е *Меѓународен институт за печат* со седиште во Цирих, а постојат и други меѓународни невладини оганизации (НВО), како на пример *Репортери без граници* и *Куќа на слободата (Freedom Haus)*. Исто така, и во рамките на Универзитетот во Мисури, САД, при факултетот за новинарство, формиран е *Центар за слобода на информирањето* кој има развиено мерила и критериуми за одредување на слободата на печатот во државите (Индекс на независноста на печатот и критичката способност- PICA-Press Independence and Critical Ability Index), кој се темели на 23 критериуми.

Меѓународната невладина организација „*Article 19*,, воспостави меѓународни принципи познати како *Јавноста има право да знае*.[9] Овие принципи ги воспоставуваат стандардите на националните и меѓународните системи во однос на правото на слобода на информирање. Станува збор за девет принципи. *Принципот 1* гласи «максимална отвореност». Главната идеја на овој принцип е дека слободата на информирање да биде гарантирано со Устав и закон. Ова подразбира дека јавните органи се обврзани да објавуваат информации и секој граѓанин има право да добива информации. Кога власта сака да го ограничи ова право таа мора да нагласи кои се тие информации. *Принципот 2* се осврнува на обврската на јавните органи кои категории на информации да ги објават, особено: *Принципот 3* кои гласи «промовирање на отворена власт». Тоа значи дека со закон треба да се обезбеди јавните органи да обезбедат обука на своите вработени во однос на слободата на информирање, важноста на слободата на информирање, процедурални механизми за пристап до информации, заштита од зоупотреба и слично. *Принципот 4* се осврнува на исклучоците врз чија основа може да се граничи правото на пристап до информација. *Принципот 5* гласи «постапки кои го олеснуваат пристапот». Според овој принцип јавните органи треба да воспостават отворени, пристапни интерни системи за да го обезбедат исполнувањето на правото на јавноста, да добива информации. Во *Принципот 6*, се однесува на можните трошоци за добивање на некоја информација, и тој препорачува надоместоците не треба да бидат многу високи, бидејќи тоа може да биде дестимулативно за барање на информациии. *Принципот 7* бара состаноците на јавните органи, како на пример избраните органи да битат отворени. Овој Принцип предвидува и одржување на затворени состаноци, но само во согласност со воспоставени процедури и во случаи кога постојат соодветни причини за затвореност. *Принципот 8* или «отвореност или предност». Предвидува промена или укинување на законите кои не се конзистентни со принципот на максимална отвореност. *Принципот 9* предвидува заштита на оние кои оддаваат информации за лошо работење, односно вршење на кривично дело, невладеење на правото, корупција, злоупотреба или нечесност или пак прават сериозни грешки во административното работење на јавниот орган.

[9] *The Publics Right to Know, Principles on Freedom of Information Legislation: Article 19*, London

**1.3 Слобода на изразување**

Историски гледано слободата на изразување се развивала како перманентна борба на човекот со власта и другите центри на моќ кои ја забранувале или ограничувале. Политичките слободи и права го изразуваат политичкиот субјктивитет на граѓанинот и му овозможуваат да учествува во политичкиот живот на заедницата (државата). Слободата на изразување е демократско право и суштински израз на демократијата. Оттаму, ова право е едно од централните права од чие постоење или непостоење во голема мера зависи остварувањето на другите политички права, односно тоа е предуслов за уживање на други права и слободи, загарантирани со Европската конвенција за човекови права (ЕКЧП). Слободата на изразување е уредено во членот 10 став 1 на ЕКЧП, за чие создавање, краторите на оваа конвенција, се водат од членот 19 од Универзалната декларација за човекови права (1948), Првиот амандман на Уставот на САД, членот 11 од Францускатa декларација за правата на човекот и граѓанинот и др. Заедно со останатите права и слободи, таа ги заштитува правото на индивидуите да го обликуваат и да го изразуваат своето мислење, но и право да основаат и здруженија кои ги поттикнуваат и шират своите колективни мислења и ставови за општествената реалност. Слободата на изразување произлегува од основното човеково природно право – *право на слобода*. Ова подразбира дека без слобода нема слободни индивидуи ни слобода на општеството. Од тоа основно право произлегуваат и други посебни права на слобода како што се слобода на духот и слобода на комуницирање со останатите луѓе. Во рамките на слободата на духот се слободата на мислата и совеста и слободата на изразување, односно слобода на мисла и совест и слобода на изразување на мислења и идеи – *слобода на информирање*. Една анализа направена на 142 светски устави покажува дека 124 од нив или 87,3% содржат гаранција на слободата на изразување. Наспроти тоа, само 66 устави или 46,5% забрануваат мачење или сурово, нечовечно или понижувачко постапување[10].

Слободата на изразување овозможува на секој поединец, па и на професионалните новинари, право на тоа да никој неможе да го спречи (ниту државата, ниту власта, опозицијата) слободно да се изразува. Доколку со одредени постапки на поединци, групи, институции *"се доведува во прашање или ограничува, односно оневозможува изразување на мислење, објавување и дознавање на факти, податоци, настани, таму нема демократска јавност ниту демократија"*[11]. Со чл. 10 на ЕКЧП заштитата на слободата на изразување се однесува и на информациите и ставовите изразени (искажани) од страна на една мала група или на едно лице, дури и кога таквото мислење е крајно неприфатливо за мнозинството. Во таа насока, интересно е мислењето на Џон

[10] Janis M., Kay R., Bradley A…..(2000), *European Human Rights Law*, Clarendon Press, Oxford

[11] Војин Димитриевиќ, Милан Пауновиќ, Владимир Ѓериќ, (1997), *Људска права*, Београдски центар за људска права, Досие, Београд, , стр.318-320.

Стјуарт Мил (John Stuart Mill) кој отфрлајќи ја тиранијата на мнозинството вели: «*ако целото човештво минус еден човек имаше исто мислење, човештвото повеќе не би било оправдано кога би го замолчувало тоа лице, за разлика од него, тој ако би имал моќ, би бил оправдан за замолчување на човештвото*»[12].

**1.4 Цензура и автоцензура**

Тргнувајќи од целта на ова истражување да се дојде до сознанија за перцепцијата на степенот на цензура и автоцензура на медиумските работници во медиумите во Источниот регион на Република С. Македонија во продолжение се дадени дефиниција и објаснувања за цензурата и автоцензурата.

Цензурата освен правен има и етички аспект. За правилно дефинирање и осознавање на суштината на значењето на поимот цензура употребивме неколку речници, лексикони и енциклопедии. Во познатиот *Лексикон на странски зборови и изрази*[13] од Милан Вујаклија поимот цензура е дефиниран како: 1) Оценување, прегледување, критичко испитување; 2) Официјален претходен преглед на работи за објавување заради одобрување или печатење и пуштање во јавност (книги, часописи, филмови, театарски претстави и др.); 3) Државна установа која ја обавува оваа работа; 4) Испитна оцена. Во *Политичката енциклопедија*[14] цензурата е дефинирана како: контролаод страна на органите на власта, црквата, политичките организации, приватнилица на содржината на текстот, информацијата наменети за медиумите (штампата, радиото, ТВ, емисии, филмот, театарот, и сл.) пред публикувањето или изведбата. Во *Енциклопедијата на самоуправување*,[15] цензурата е дефинирана како*"официјален преглед на една печатена работа со цел по потреба да се забранипред нејзино објавување или дистрибуирање*". Ние можеме да редиме уште многу дефиниции за цензурата, но генерално сите тие имаат заедничко, а тоа е ограничувањето на слободата на печатот. Од наведените дефинции за поимот цензура можеме да извлечеме една заедничка констатација дека таа преставува облик на контрола и ограничување на слободата на изразување и слободата на медиумите, кое преставува ограничувачки фактор на демократските тенденции во општеството и државата. Со други зборови цензурата на печатот и медиумите претставува секоја постапка која го гуши слободното откривање и ширење на информацијата.

Во однос на потеклото, поимот цензура потекнува од латинскиот збор *censura* што значи претходно или дополнително оценување на печатени работи, кои по потреба можат да бидат забранети пред објавувањето или растурањето. Цензурата ја обавува државата или некоја друга организација и таа не се однесува

[12] Mil J. S., Himmelfarb G, (July 1982), *On Liberty (Penguin Classics),* Viking Press

[13] Вујаклија, М. (1980), *Лексикон на странски зборови и изрази*, Просветно дело, стр.1028

[14] *Политичка Енциклопедија*, (1975), Савремена администрација, Београд, стр.105

[15] *Енциклопедија самоуправљање* (1979). Савремена администрација, Београд, стр. 79

само на печатот, туку и на други форми на научно и уметничко творештво и масовно комуницирање (театар, филм, радио, телевизија). Во средниот век цензурата ја обавувала црквата како највлијателна организација во тоа време, а подоцна државата преку своите институции. Со победата на граѓанската революција официјално се воведе слобода на печатот, а се укина цензурата. Таа е одлика на недемократските општества, односно на авторитарните режими. Борбата против цензура, а за слобода на печатот (медиумите) секогаш е составен дел на прогресивната демократска теорија и пракса. Системот на одобрување за печатење е укинат во Англија во 1695 година, и со тоа за прв пат формално е воведено слободата на печатот. Дури со Декларацијата за правата и слободата награѓаните (1789) и Првиот амандман на Уставот на САД од 1791 отворено е прогласено слобода на печатот како едно од најдрагоцените човекови права со што дефинитивно е ставен крај на интервенцијата на државата во оваа сфера.

Оттука може да се даде крајна дефиниција дека цензурата е облик на ограничување на слободата на медиумите и новинарската професија. Цензурата претставува контрола од страна на државата (органите на власта) на содржината на текстот, информацијата наменети за медиумите (штампата, радиото, ТВ, емисии, филмот, театарот, и сл.) пред публикувањето или изведбата[16]. Во македонскиот случај според чл.16, став 7 од Уставот на РМ цензурата е забранета.

Во однос на автоцензурата, истата постои кога новинарот/авторот на текстот свесно донесува одлука да не ја пренесе информацијата на јавноста. Причини за тоа има многу, но најчесто поради страв од последици. Автоцензурата е позната и под називите доброволна цензура или како самоцензура. Таа е поврзана со одлуката насамиот новинар дали ќе известува за одреден настан или не, и ако одлучи, тогаш размислува кои зборови да ги употреби, и дали вестите (информацијата) дабидат проследени со слика или не, и кои слики да ги објави.Сето тоа претставуваеден вид на автоцензура, бидејќи новинарот или уредништвото на медиумот одлучуваат каква информативна содржина да понудат на јавноста. Бидејќи ваквите избори ги вршат самите новинари и уредници, без надворешни притисоци, автоцензурата обично не претставува кршење на слободата на говорот и слобода на печатот. Автоцензурата треба само да биде добро избалансирана помеѓу правото на граѓаните на вистинито информирање и остварувањето на слободата на печат. Пример за автоцензура е кога ќерката на претседателот Џорџ В. Буш *(George V. Bush)* изјавила «признавам» на оптужбата дека како малолетничка конзумирала алкохол, а новинарите тоаго ублажиле[17]. Како и сите останати претседателски деца, и тие имаат една зона на приватност, и новинарите не ги прогонуваат непрекинато[18]. Се додека

[16] Политичка енциклопедија, *Op.cit*.

[17] Zaket, D., Op.cit., pp. 268

[18] Ibid

децата на познатите личности прават работи од кои нивните родители ги боли глава, тие стануваат вест и новинарите мораат да пишуваат за тоа. Во случај на детска порнографија стандардна пракса е кај новинарите да информираат за постапките, за апсењето, судењето и воопшто за борбата против овој болен проблем како значаен дел од борбата против криминалот, ново своите извештаи да не обезбедува снимки од дечјата порнографија. Во новинарската професија и медиумските кругови повеќе се дава предност на автоцензурата (доброволната) во однос на присилната или надворешната цензура, бидејќи новинарот, поаѓајќи од сопствените морални принципи и начела сам одлучува дали и како за нешто ќе информира, водејќи сметка за балансирање на почитувањето на правото на граѓаните на информирање и почитувањето на другите правата и слободите на граѓаните (приватноста).

**1.5 Цензурата и повисокиот јавен интерес**

Слободата на медиумите и слободата на изразување не е апсолутно или безусловно право. Тоа право се ужива во рамките на границата на другите легитимни општествени интереси, особено ако станува збор за прашање на јавната безбедност и заштитата на правата на сите членови на заедницата. Во реалноста имаме ситуации кога во реалниот живот јавниот интерес е поважен од принципот на максимално пренесување на вистината. Доверливите документи со назнака доверливи, кои се однесуваат на националната безбедност и виталните интереси на државата, не треба јавно да се објавуваат ако со тоа се загрозуваа нејзината одбрана. Одредени информации можат да се објават кои се однесуваат на одредени одлуки на војската, но таквите информации не треба да содржат детали кои можат да се искористат на штета на безбедноста на државата и заштитата на животите на граѓаните. Во услови кога може битно да се наруши безбедноста на државата, можеме да ја оправдаме власта за цензурирање на информациите. Детската порнографија и експлоатацијата на децата, исто така претставува важна причина за ускратување на информацијата во јавноста заради повисоки општествени цели и јавниот интерес.

**2. Истражување на тема: «Каква е перцепцијата на медиумските работници за степенот на слободата на изразување во Источниот плански регион на Република С. Македонија?»**

**2.1 Цели, предмет, методологија и временска рамка на истражувањето**

Основно истражувачко прашање по кое се водеше истражувањето е «Каква е перцепцијата на медиумските работници за степенот на слободата на изразување во Источниот плански регион на Република С. Македонија?» Истражувањето има истовремено општа и конкретна цел: прво да ја даде генералната слика за перцепцијата на новинарите и медиумските работници

во овој дел од земјата за слободата на изразување, но и да покаже зошто е тоа така. Односно, конкретно да се идентификуваат факторите што влијаат врз слободата на изразување. Предмет на истражувањето се сите медиумски работници (новинари, технички персонал) од печатени и електронски медиуми (радија, телевизии и интернет портали) во Штип, Кочани, Виница, Делчево, Свети Николе, Пробиштип и Струмица. Централниот извор на контакти со испитаниците беше Здружението на новинари на Македонија, каде постои регистар на околу 50 медиумски работници од сите типови медиуми во источниот регион. За потребите ова истражување беше креирана електронска анкета која беше испратена електронски до сите испитаници. Истите беа контактирани и телефонски од студентите по новинарство на Универзитетот „Гоце Делчев„ – Штип, со цел постигнување на поголема ефикасност на спроведувањето на истата. Важно е да се нагласи дека анонимноста на анкетата овозможи поголем интерес од испитаниците да ги одговорат поставените прашања. Истражувањето се спроведе од 12 мај до 12 јуни 2020 година. Од вкупниот број на медиумски работници, 51% од нив одговорија на анкетниот прашалник. Во сумирањето на резултатите од истражувањето беа користени истражувачките методи анализа, синтеза, дескриптивниот метод, статистичкиот и др. Се водеше грижа во структурата на примерокот да биде подеднакво застапена половата и возрасната категорија.

### 2.2 Хипотетска рамка на истражувањето и добиени резултати

Во истражувањето се поаѓа од општата претпоставка дека врз перцепцијата на медиумските работници на слободата на медиумите влијаат повеќе фактори кои меѓусебно се испреплетуваат. Така, појдовме од претпоставката дека врз перцепцијата на медиумските работници на слободата на медиумите влијаат социо-економската положба на медиумските работници, образовниот статус на самите новинари, правната регулатива со која се регулираат општествените односи во медиумската сфера во Република С. Македонија. Исто така, во нашето истражување имавме за цел да утврдиме дали и колку влијае ефикасноста на институциите кои имаат надлежност во работата на медиумите, како и политиките што тие ги креираат и имплементираат во оваа сфера. Врз слободата на изразување на медиумските работници во Источниот регион на РСМ се претпоставуваше дека влијае и работно-правниот статус на вработените во медиумите, како и уредувачката политика, сопствениците на медиумите, бизнис интересите (на локално, регионално и национално ниво), политиката на сите нивоа, професионалното организирање и здружување, односно саморегулаторните тела во државата, функционирањето на институциите кои имаат надлежност во оваа сфера и меѓународната контрола.

### 2.3 Структура на анкетираните

При изборот на анкетираните за ова истражување во предвид беа земени повеќе параметри меѓу кои половата застапеност, возраста и видови на медиуми каде се вработени. Оттука во однос на ова, половата застапеност на анкетрианите во проценти е 50-50, половина од испитаниците се на возраст од 36 до 55 години, 28,6% се на возраст од 18 до 35 години, а останатите 21,4% се постари од 56 години. Најголем дел од испитаниците 35,7% работат во регионални/локални телевизии, 21,4% во локално, односно регионално радио, по 14,3% работат во национално радио, односно локален/регионален весник, а 7,1% работат во интернет портал односно национална телевизија.

Од вкупниот број на испитаниците, 35,7% се новинари - уредници, а ист толкав е и бројот на новинари. 7,1% се уредници, а исто толку, од оние што одговориле, се во категоријата „други". Останатите 14,3% се технички персонал. Во медиумите каде тие работат во 71,4% од медиумите се вработени до 20 луѓе, во 21,4% од медиумите работат до 60 луѓе, а само во 7,1% од медиумите има повеќе од 60 вработени.

## 3. Резултати од истражувањето

Земајќи ги во предвид добиените резултати од истражувањето 71,4% од вкупниот број на испитаниците одговориле дека во медиумите има повеќе новинари од технички персонал; 28,6% се изјасниле дека има повеќе технички персонал отколку новинари; 57,1% од анкетираните одговориле дека новинарите во нивните медиуми имаат завршено новинарски студии, а сите останати се изјасниле дека имаат други факултетски дипломи. Едно од клучните прашања кое ја определува генералната оценка на перцепцијата на новинарите во источниот регион е платата, односно финансискиот надоместок на месечно ниво. Тука ситуацијата е далеку од «розова», имено мнозинството (57,1%) се изјасниле дека работат за надоместок понизок од просечната месечна плата во државата, односно до 20.000 денари; 35,7% земаат надоместок од 20.000 до 30.000 денари, а останатите 7,1% земаат од 30.000 до 40.000 денари секој месец. Но, доколку стабилното вработување влијае врз перцепцијата, тогаш тука сликата е позитивна, односно 71,4% од анкетираните се вработени на неопределено време; 14,3% на определено, 7,1% се изјасниле дека „на друг начин се вработени", додека останатите дека се ангажирани преку проекти.

На приказот во продолжение се гледа дека мнозинството од оние кои одговориле, 71,4% не се доволно платени за тоа што го работат, а останатите 28,6% одговориле потврдно. Мнозинството (64,3%) од медиумите се финансираат од реклами и други дотации, а 21,4% исклучиво од други дотации.







Половина од испитаниците се изјасниле дека во темите за кои известуваат доминираат локални прашања, а помалку од другата половина, дека подеднакво известуваат и за локални и за регионални и национални прашања.

На прашањето „*дали се чувствуваат слободни да пишуваат и објавуваат за теми што го засегаат местото каде живеат и работат?*“ половина се изјасниле дека целосно се чувствуваат слободни, а останатата половина се изјасниле дека „во поголемиот дел од темите, да“.




На прашањето, со не повеќе од 2 реченици да опишат „*како ја разбираат слободата на медиумите*„„ мнозинството нагласуваат дека е тоа „*начин граѓаните да бидат информирани за се, преку објективни и непристрасни новинари кои се независни од политички и партиски притисоци од локалната власт*“, помалку, но сепак се повторуваат одговорите дека „*стабилните и*

*надпросечни плати*" се еден од клучните фактори.

Во врска со рангирање на факторите кои влијаат врз слободата на изразувањето на новинарите, од најважен до помалку важен, првите 5 набројани фактори се: уредувачката политика; материјалниот статус; политиката на сите нивоа; професионалното организирање и саморегулација; и на крајот сопственикот на медиумот. Процентите на одговорите се илустрирани во графиконот во продолжение.




Мнозинството од испитаниците, дури 78,6% се изјасниле дека „*кога би имале прилика нема да ја сменат професијата*„ 21,4% сепак одговориле дека „*кога би имале друга можност би ги напуштиле медиумите*„.

На прашањето „*дали новинарите треба да преземат нешто и што за да подобрат ситуацијата на професионално, етичко, морално ниво*", повеќе пати се повторува одговорот дека „*постои поделба и нееднинственот меѓу новинарите и медиумските работници, која се рефлектира и во Здружението на новинари (ЗНМ), заради што нема силна организација која со полн капацитет ќе се бори за подобри денови*". Сепак, најмногу испитаници му дале многу добра оценка (4) на ЗНМ и неговите заложби за медиумските работници, а во Здружението и најголем дел од нив се обраќаат кога се прекршени или повредени нивните права.

Клучното прашање кое е претставено во следните две илустрации најблиску ја отсликува перцепцијата на новинарите за слободата на изразувањето, тоа е: „дали постои цензура во медиумите во Македонија?". Мнозинството од испитаниците одговорило дека има делумна цензура, а помалку се изјасниле дека цензурата е целосна. Но во однос на прашањето кој е изворот на цензурата, 64,3% се изјасниле дека самите се цензурираат, односно го избрале одговорот „*автоцензура*" (64,3%), додека 21,4% одбрале категорија „*друго*". Мнозинството велат дека се автоцензурираат заради „*страв од губење на работното место*".

Дали постои цензура во медиумите во Република С. Македонија?




Со каков вид на цензура најчесто се соочувате?




Во врска со соодветна законска регулатива што ги штити правата на медиумските работници, 57,1% одговориле дека постои, но истата, велат не се почитува. На последното прашање „*Колкава е слободата на изразување на медиумите во Источна Македонија?,,* одговорите се прикажани на графиконот во продолжение. Можните опции за одговор варираат од 1 до 5, каде 1 е најниска оцена, а 5 највисока. Во однос на ова прашање мнозинството од испитаниците или 57.1% дале средна оценка три (3); оценка пет (5) и оценка еден (1) дале ист процент на испитаници, по 14.3%, додека останатите испитаници ги дале оценките 2 и 4.




## 4. Заклучок

Во денешно време, слободата на медиумите и слободата на изразување како универзални демократски вредности на глобално ниво во голема мера се загрозени. Ако се нападне новинар, тоа е напад на вистината за да победи полувистината или невистината, ако се турне камера, тоа е напад на слободата на медиумите и слободата на изразување. Најголема опасност доаѓа од центрите на економска и политичка моќ кои преку разни форми на притисок успеваат да ги инструментализираат и контролираат медиумите. Во поедини држави со авторитарни режими постои пракса на убиство и апсење на медиумски работници. Слободата на медиумите и слободата на изразување се современи демократски вредности без кои е незамисливо функционирањето на демократијата во едно општество. Колку повеќе се остваруваат овие права во една држава, толку таа е подемократска. Слободата на медиумите и слободата на изразување е битка која неможе во потполност да се добие, бидејќи додека има држава и власт, ќе има ограничување на слободата на печатот и слободата на изразување. Апсолутна слобода на медиумите нема, има само општества со помалку или повеќе слобода на медиумите. Најголема опасност за ограничување или гушење на слободата на медиумите и слободата на изразување е власта. Цензурата и автоцензурата се облици на ограничување на слободата на медиумите. Сепак, во одредени специфични ситуации, кога станува збор за постигнување на повисоки општествени цели и повисок општествен интерес (безбедност на државата, одбрана на државата), тогаш новинарот треба да умее да воспостави баланс во информирањето и безбедноста на државата. Во светот постојат голем број на меѓународни организации кои вршат контрола врз остварувањето на слободата на медиумите во сите држави и доколку забележат дека ова право не се остварува според меѓународните стандарди, тие реагираат на соодветен начин, најчесто преку извештаи и рангирање на државата за степенот на остварување на слободата на медиумите.

Од истражувањето дојдовме и до следните заклучоци: 1)Општата оценка на истражувањето е дека слобода на изразувањето на медиумските работници е «добра»; 2) Големо мнозинство од новинарите (71.4%) сметаат дека не се добро платени за работа што ја извршуваат; 3) Половина од испитаниците (50%) се изјасниле дека во темите за кои известуваат доминираат локални прашања, а помалку од другата половина дека подеднакво известуваат и за локални, и за регионални и национални прашања; 4) Половина од анкетираните се изјасниле дека целосно се чувствуваат слободни, а останатата половина одговориле „*да, во поголемиот дел од темите*“; 5) Во врска со рангирање на факторите кои влијаат врз слободата на изразувањето на новинарите од најважен до помалку важен првите 5 се: уредувачката политика; материјалниот статус; политиката на сите нивоа; професионалното организирање и саморегулација; и на крајот сопственикот на медиумот; 6) Мнозинството од испитаниците (78,6%) се изјасниле дека кога би имале прилика нема да ја сменат професијата, 21,4% сепак велат дека кога би имале друга можност би ги напуштиле медиумите; 7) Постои поделба и нееднинственост меѓу новинарите и медиумските работници, која се рефлектира и во Здружението на новинари (ЗНМ), заради што нема силна организација која со полн капацитет ќе се бори за подобри денови. Сепак, најмногу испитаници му дале многу добра оценка (4) на ЗНМ и неговите заложби за медиумските работници, а во Здружението и најголем дел од нив се обраќаат кога се прекршени или повредени нивните права; 8) Мнозинството одговорило дека има делумна цензура, а помалку се изјасниле дека цензурата е целосна. Во однос на изворот на цензурата, 64,3% се изјасниле дека самите се цензурираат, односно го избрале одговорот „автоцензура“ (64,3%), додека 21,4% одбрале категорија „друго“. Мнозинството велат дека се автоцензурираат заради „*страв од губење на работното место*“; 9) Повеќе од половината испитаници (57.1%) одговриле дека во Република С. Македонија има добра правна регулатива која ги штити правата на новинарите, меѓутоа таа не се почитува; 10) Мнозинството од испитаниците (57.1%) дале средна оценка, за слободата на изразување во државата, односно оценака три (3).

**References**

1. Article 19 (2007) Defining Defamation: Principles on Freedom of Expression and
2. Protection of Reputation, London: Article 19.
3. The Publics Right to Know, *Principles on Freedom of Information Legislation:Article 19,*London;
4. Danijel Korni, (1999), *Etika informisanja* Clio, Beograd;
5. Zaket, D., (2007), *Novinarska etika – moralna odgovornost u medijima* Sluzbenglasnik;
6. Европска конвенција за човекови права (1950), Совет на Европа;

7. Енциклопедијата на самоуправување, (1979), Савремена администрација,Белград;
8. Bal, F., (1997), *Moc medija*, Clio, Beograd;
9. Breton, F., (2000), *Izmanipulisana rec*, Clio. Beograd;
10. Вујаклија, М. (1980), *Лексикон на странски зборови и изрази*, Просветно дело, Београд;
11. Галбрајт, Џ.К., (1995), *Анатомијанамоќта*, Култура, Скопје;
12. Груевски, Г., (2007), *Историја на новинарството*, Правен факултет и НИП «Студентски збор». Скопје;
13. https//:okno.mk/node/5098
14. Извештај на «FreedomHaus» за слободата на медиумите (2013,2014, 2015, 2016);
15. Извештај на «Репортери без граници», 2016 година;
16. Luis Alvin Dej, (2000), *Etikaumedijima* Medijacentar, Beograd, Clio;
17. Мајхошев, Андон (2015), *Новинарска етика* (авторизирани предавања), УГД, Штип;
18. Писмо на Томас Џеферсон до Томас Купер (ThomasCooper) од 29.11.1802.
19. Политичка енциклопедија (1975), Савремена администрација, Београд;
20. Smartt, U. (2006), *Media Law for Journalists*, London: Sage Publications;
21. Трпевска, С., (2010). *Слобода на изразување, јавен интерес и медиумска регулација*, Висока школа за новинарство и односи со јавноста;
22. Univerzalna deklaracija covekovih prava, 1948, OUN;
23. Устав на Република Македонија, 1991;
24. Чупиќ, Ч., (2010), *Медијска етика и медијски линч,* Чигоја штампа, Београд;
25. Шкариќ С., Силјановска-Давкова Г., (2009), *Уставно право* Култура, Скопје;